**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје** | тел.**02/3218 130** факс.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

**Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup** | tel.**02/3218 130** faksi.**02/3218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________
_______________2024 година
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К

**од 470-та седница на Судскиот совет на**

**Република Северна Македонија**

**Скопје,декември, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 28.12.2023 година – четврток во салата за седници со почеток од 10,15 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател Член на Советот
- **Мери Радевска**, Член на Советот
- **Антоанета Димовска,** Член на Советот
- **Лорета Горгиева**, Член на Советот
- **Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, и Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, Член на Советот

Отсутни членови:

- **Кренар Лога**, Министер за правда *(уредно поканет)* - член на Советот по функција,
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд *(уредно поканета)*– член на Советот по функција (има доставено известување)

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генераленсекратар
- **м-р Сања Спиридонова**, Помладсоработник
- **Александра Шоптрајанова**

Седницата е отворена за јавноста и на истата присуствуваа:

- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**
- Претставник **од Институт за човекови права**
- Пошироlater јавност- медиуми

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 470-та седница.

Претседателот на Советот отвори дискусија по однос на предложениот дневен ред, а за **збор се јави членот на Советот м-р Ивица Николовски** кој предложи дополнување на Дневниот ред со точка – Предлог за разрешување на судија поротник.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** побара точката извештај од работна посета на Основен суд Гевгелија да се стави пред точката 6, бидејќи од оправдани причини ќе мора порано да ја напушти седницата.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** потенцира по однос на вториот записник од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.11.2023 година дали е ставен за усвојување, на што претседателот одговори дека е вкучен и тој записник за усвојување.

Претседателот на Советот констатира дека после 7-та точка се додава нова точка 8 - Донесување на Одлука за престанок на функцијата судија поротник, а точката 8-Разно се praместува како точка 9.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на:

- Записник од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година;

- Записник од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.11.2023 година;

2.Утврдување престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Донесување на Одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга;

4. Разгледување на Извештај на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на Основен суд Велес;

5. Одлучување по барање за патни трошоци;

6. Разгледување на извештај од работна посета на Основен суд Гевгелија;

7. Разгледување на извештаи за работата на судовите во РСМ за третото тромесечие за 2023 година;

8. Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник

9.Разно.

Претседателот на Советот откако констатира дека дискусијата по однос на изменетиот Дневен ред е завршена истиот го стави на гласање. Се констатира дека со 12 гласа ,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ Дневниот ред е едногласно усвоен и се премина кон разгледување на 1-вата точка од Дневниот ред.

## Точка 1

**Усвојување на: Записник од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година и Записник од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.11.2023 година**

Претседателот на Советот ја отвори првата точка од Дневниот ред и првично отвори дискусија по однос на Записникот од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** која истакна дека не била присутна на оваа седница, така што нема да гласа по однос на усвојување на овој записник.

Претседателот на Советот констаира дека на истата седница не бил присутен и членот на Советот Мирсад Суроји, така што и тој не гласа по однос на усвојување на записникот.

Откако никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор, претседателот на Советот го стави на гласање предлогот за усвојување на Записникот од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година и констатира дека со 10 гласа,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ е усвоен Записникот од 462-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.10.2023 година.

Во продолжение Претседателот на Советот отвори дискусија по однос на Записникот од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.11.2023 година. Откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор, го стави на гласање предлогот за усвојување на предметниот записник.

Членот на Советот Павлина Црвенковска е времено отсутна од седницата.

Се констатира дека со 11 гласа,,ЗА“ и ниту еден глас ,,ПРОТИВ“ е усвоен Записникот од 464-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 15.11.2023 година.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 1-вата точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 2-рата точка од Дневниот ред.

## Точка 2

## Утврдување престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија

Претседателот на Советот ја отвори втората точка од Дневниот ред и истакна дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврдено е дека судијата Љубица Цветковска Стојановска од ОС Крива Паланка на 17.12.2023 година наполнила 64 години, судијата Снежана Ивановска од Основен граѓански суд Скопје на 20.12.2023 година наполнила 64 години, судијата Васка Петрова од АС Штип на 21.12.2023 година наполнила 64 години и судијата Лидија Димова од Основен суд Велес наполнила 64 години на 25.12.2023 година, така што смета дека исполнети се условите за престанок на судиската функција на судиите заради исполнување на услови за старосна пензија. Во продолжение констатира дека се донесени следните решенија:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Љубица Цветковска Стојановска, судија на Основен суд Крива Паланка**на 28.12.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Снежана Ивановска, судија на Основен граѓански суд Скопје** на 28.12.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Васка Петрова, судија на Апелационен суд Штип** на 28.12.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на **Лидија Димова, судија на Основен суд Велес** на 28.12.2023 година, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 2-рата точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 3-рата точка од Дневниот ред.

## Точка 3

## Донесување на Одлуки за определување на ВД претседатели на Основен суд Велес, Основен суд Кавадарци и Основен суд Струга

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори 3-тата точка од Дневниот ред и додаде дека согласно член 89 од Законот за судовите е предвидено дека во случај на разрешување или престанок на мандатот претседател на судот, до изборот на нов претседател на судот, Судскиот совет од редот на судиите во судот определува вршител на должноста претседател на судот. Со оглед на тоа што на претседателот на Основен суд Велес му е констатиран престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија потребно е да се определи ВД Претседател на ОС Велес. Воедно потребно е да се определи и ВД претседател на ОС Кавадарци и ОС Струга бидејќи на претседателите им истекува мандатот на 30.12.2023 година. Па даде збор на координаторот Мирсад Суроји.

За збор се јави **членот на Советот Мирсад Суроји** кој истакна дека како координатор на Основен суд Велес, а имајќи ги предвид последните оценки, ажурноста и работата на сите судии за ВД претседател на Основен суд Велес ја предложи судијата Билјана Јачева која има највеќе бодови – 238 и истата работи на граѓанска област.

Во продолжение претседателот на Советот отвори дискусија по однос на овој предлог.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** која истакна дека за извршување на менаџерска функција се согласува со координаторот, но за неа се прифатливи сите кандидати. Но таа како претседател на комисија која ја проверува комплетноста има мислење дека прифатлив кандидат треба да биде прворангираниот согласно извештајот на една од наредните точки која ќе се разгледува. Појасни дека постои дилема дали да го прифати предложениот кандидат, бидејќи менаџирањето е сериозна функција, покрај бодовите квалитативните и квантитативните резултати, треба да се има поцелосна слика односно да бидат исполнети и други критериуми, сепак останува на нејзината на првична идеја – да се избере прворангираниот кандидат Валентина Георгиевска. Смета дека одреден период Советот може да е блокиран поради законска не можност да избира претседатели, по сите параметри со кои располага го дава своето мислење кој кандидат да биде изберен.

На горенаведеното се надоврза **членот на Советот Мирсад Суроји** кој како координатор на Основниот суд Велес појасни дека предлогот го дава врз основа на последните бодови, а не ја знае лично судијата, како предложен

кандидат. Сепак потенцира дека се работи за избор на ВД. Како единствен параметар го следел контролникот и бодовите. По однос на менаџерските способности истите се дадени од нејзина страна во акциониот план кој го доставила и Комисијата располага со него .

Реплицираше **членот на Советот Весна Дамева** појасни дека не се сомнева по однос на ниту еден судија и неговата компетентност, стручноста, ниту по однос на пријавените кандидати, ниту по однос на било кој. Дополни дека како претседател на комисија истакнала за кого би го дала својот глас и станува збор за нејзина лична перцепција за што има доволно аргументи.

За збор се јави **членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** според неа прифатлив е предлогот на координаторот, со оглед на тоа што станува збор за вршител на должност. Но слушајќи ги дискусиите , како и извештајот, рангирањето на кандидатите, а и со оглед на тоа што постапката за избор на претседател брзо треба да следи со оглед на тоа што постапката е во завршна фаза, смета дека во конкретниот случај поприфатлив е предлогот на колешката Дамева. Дополни дека не е добро за неколку недели, месец-два да се менува, ако почне некој да менаџира со судот, имајќи ја предвид ранг листата на кандидатите, тоа да биде прворангираниот кандидат.

**Членот на Советот Весна Дамева** потенцира дека не станува збор за Извештај за рангирање, како и дека е направен пропуст туку за утврдување комплетност и навременост. Воедно дополни дека не е прворангиран кандидат, туку наведен е како прв. Внатре се програмите и акционите планови, кои биле разгледувани.

**Членот на Советот Мирсад Сурој**и потенцира да не се прејудицира.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** додаде дека има тројца кандидати за избор на претседател на Основниот суд Велес. Од тројцата кандидати, двајцата што се предлагаат и од страна на колегата Мирсад и колешката Дамева се всушност кандидати кои се јавиле и на огласот.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** дополни да не се прави лоша пракса со поставување на ВД претседатели, да се продолжи со досегашната пракса.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** додаде дека треба да се оди од технички аспект и да не се навлегува во суштината, па се обрати на колешката Дамева да кандидатот кој таа го предлага по некоја случајност е прв на листата, но тоа не значи дека е најдобар, туку кога се разгледувала комплетноста на документите, а се утврдило дека сите тројца кандидати имаат, тој кандидат е напишан како прв, но и Јачева можело да биде прва напишана, па појасни дека таа ќе се води од други критериуми. Смета дека треба да се најде неутрален критериум, како на пример највозразниот кандидат.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми и** истакна дека е точно дека Советот во досегашното работење, се поаѓало од тоа да не се губи континуитетот. Се повика на член 89 од Законот на судови кој укажува дека од редот на судиите определува ВД претседател на судот судија кој има најголем број на бодови.

Членот на Советот Павлина Црвенковска повторно е присутна на седницата.

**Членот на Советот Мери Радевска** појасни да последното оценување е во 2023 година- редовното оценување, максимум бодови по донесување на новиот Закон за ССРСМ е 200 бодови, во продолжение ги изложи бодовите на кандидатите. Претседателот на Комисијата за оценување на судиите тоа подрачје треба да каже кои биле бодовите на судиите.

**Членот на Советот Весна Дамева** појасни дека за да не се фаворизира било кој кандидат смета дека најсоодветно решение е првиот наведен во листата.

**Членот на Советот м-р  Миљазим Мустафа** дополни дека податоците не се конечни, редовното оценување не е завршено.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** додаде дека се бира вршител на долшност претседател, а не дека се избира претседател. Конечноста на резултатите смета дека ќе е значајна при изборот на претседател.

**Членот на Советот Мери Радевска** појасни да со оглед на тоа што не се конечни оценките, предложи да се има целосно материјали да бидат дадени оценките од последното завршено конечно оценување, со оглед на тоа што редовното оценување кое е завршено не е конечно.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена дискусијата по однос на ова прашање. па го стави предлогот на координаторот Мирсад Суроји за ВД претседател на Основен суд Велес да биде определена  судијата Билјана Јачева.Се констатира дека со 7 гласа ЗА и 5 гласа ПРОТИВ донесено е

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен суд Велес се определува **Билјана Јачева,** судија на Основен суд Велес и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.

Решението влегува во сила од 29.12.2023 година.

**Членот на Советот Мирсад Суроји** повика да се работи согласно закон и се повика на одредбата од членот од Законот за судови.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** дека за некој е мериторно последното оценување кое е конечно од 2018 година, за некого она кое е сеуште во тек и не е конечно од 2023 година, па дополни дека секој на различен начин го толкува истото и што треба да се земе во предвид при одлучување кој кандидат да биде избран, но тоа е секако во согласност со законските одредби.

Претседателот на Советот во продолжение даде збор на координаторот за Основен суд Кавадарци

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** побара да со оглед на тоа што се работи за избор на ВД претседател ги имала последните оценки од 2023 година, принципиелно побара да се почека да се достават оценките од 2018 година за да може да се произнесе како координатор со свој предлог.

Се премина кон избор на ВД претседател на Основен суд Струга.

Претседателот даде збор на координаторот надлежен за следење на работата на овој суд **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** кој појасни дека на сегашниот претседател му истекува мандатот на 30.12.2023 година па истовремено има ситуација кога истиот заминува во пензија во месец февруари, има и отворен оглас**.** Во конкретниот случај предложи сегашниот претседател да остане како ВД уште еден месец, односно тоа да биде Ифет Бајрамовски.

Се отвори дискусија по однос на овој предлог.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** потенцира дека се прават отстапки, што според неа е најрационално решение и не може да се водат само по оценките. Односно да се избере кандидат со највисока оценка. Во законот е наведено дека треба да се избере кандидатот со највисока оценка, но треба да се имаат во предвид повеќе параметри. Го поддржи предлогот и менаџирањето е важно според неа, покрај оценката.

За збор се јави **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** смета дека не бил претходниот предлог од принципиелни причини и во претходниот случај се избрал кандидатот со мнозинство гласови. Во овој конкретен случај овој претседател го менаџирал судот во многу тешки услови и смета дека треба да му се овозможи уште еден месец да менаџира со судот.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** која во својата реплика додаде дека според неа особено важна е возраста, искуството и предлогот според неа е прифатлив, а оценката не е најважниот индикатор.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека не секогаш ВД претседател бил оној кој имал најмногу бодови, видно од досегашните случаи. Советот ги ценел индивидуално околностите. Кога имало претседател и кога во тек бил избор на нов претседател, се останувало како вд да раководи оној

претседател кој до изборот раководел со судот, за да има континуитет,да нема застој во работењето.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** смета да со оглед на тоа што навлегле во почитување на одредбата од законот треба да се продолжи во таа насока. Таа одредба е јасна, дека за ВД претседател ќе биде предложен и избран оној судија кој има највисоки поени и смета дека не треба да си дозволат да одат спротивно на законот и наведе дека со последната оценка оној кој имал најмногу поени тој кандидат ќе го поддржи. Смета дека законодавецот јасно се изразил, освен ако нема други аргументи кои секој од нив има право да ги предочи.

За збор се јави **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** кој додаде дека од Регистарот судијата кој тој го предлага во оценувањето од 2018 година има - 241 бод.

**Членот на Советот  м-р Ивица Николовски** истакна дека ќе го поддржи предлогот бидејќи мала е разликата на овој предложен кандидат со 242 бод и судијата кој бил оценет со 245 бода. Смета дека овој претседател до сега успешно раководел со судот и ја изршувал работата, па треба со цел да се задржи континуитетот да се овозможи да раководи со судот од рационални причини.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** која предлага дека мора да се води сметка за фунционирањето на судот.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** додаде дека исто така ќе го поддржи предлогот но да се има предвид за понатака.

Се констатира дека Членот на Советот Ивица Николовски накратко ја напушти седницата.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена дискусијата по однос на ова прашање. па го стави предлогот на координаторот Миљазим Мустафа за ВД претседател на Основен суд Струга да биде определен  Ифет Бајрамовски.Се констатира дека со 9 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ донесено е

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА**  претседател на Основен суд Струга се определува **Ифет Бајрамовски,** судија на Основен суд Струга и  се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.
Решението влегува во сила од 02.01.2024 година.

Се констатира дека Членот на Советот м-р Ивица Николовски повторно е присутен на седницата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** даде збор на координаторот надлежен за следење на работата на Основниот суд Кавадарци член на Советот Антоанета Димовска која појасни дека највисок број на бодови согласно последното оценување кое е конечно е судијата Елизабета Петковска-252 бодови, додека во 2023 година исто има највисок број на бодови но тој број на бодови нема да се земат предвид бидејќи не се конечни. Истакна дека тоа е нејзиниот предлог.

**Претседателот на Советот** отвори дискусија по однос на овој предлог.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** потенцира дека по однос на бодовите не извршила анализа, како и дека смета дека важни се други параметри, па е на мислење дека оној судија кој е со долг судиски стаж или судски стаж и добро ги познава состојбите може позитивно да придонесе, смета дека како предложениот судија од страна на координаторот за истото може да придонесе и судијата Лилјана Ситникоска и го подржува предлогот.

За збор се јави **членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** се повика на практични причини иако потенцира дека не отстапува од принципиелните па е на мислење дека како претседател на Комисијата за разгледување на документи и за објавениот олас моментално има еден кандидат, сегашниот претседател, има покажано добри резултати, смета дека од практични причини сегашниот претседател да остане како ВД додека не се избере нов претседател.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** појасни дека не се сложува со него од причина што е прејудицирање на одреден начин и дадениот предлог не е од практични причини и треба да се имаат предвид и други околности.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена дискусијата по однос на ова прашање. па го стави предлогот на координаторот Антоанета Димовска за избор на ВД претседател на Основен суд Кавадарци да биде иопредлена судијата Елизабета Петковска.Се констатира дека со 8 гласа ЗА и 4 гласа ПРОТИВ се донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен суд Кавадарци се определува **Елизабета Петковска** судија на Основен суд Кавадарци и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.Решението влегува во сила од 02.01.2024 година.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 4-та точка од Дневниот ред.

## Точка 4

## Разгледување на Извештај на Комисија за  проверка на исполнетост на условите и  критериумите  за избор на претседател на Основен суд  Велес

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по однос на 4-та точка од дневниот ред истакна дека во врска со објавен оглас за избор на претседтасел на ОС Велес формирана е Комисија за  проверка на исполнетост на условите и критериумите  за избор на претседател на Основен суд  Велес, која изготвила извештај, за што му даде збор на известителот-Весна Дамева.

**Членот на Советот Весна Дамева** истакна дека од страна на комисијата направен е превид во насловот на извештајот но истото може да претрпи измена и истото да се корегира.  Така што наместо извештај за рангирање да фигурира извештај за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на Основен суд Велес. Во продолжение појасни дека комисијата одржала состанок на 07.11.2023 година по што доставила извештај и утврдила дека по однос на огласот за избор на претседател на ОС Велес се пријавени тројца кандидати и тоа судиите: Валентина Георгиевска, Валентина Петровска и Билјана Јачева. Во однос на навременоста утврдено е дека навремено се доставени сите три пријави и по однос на комплетноста доставени се со потребната документација. Нагласи дека потребна документација е : потврда за судиски стаж, програма за работа во текот на мандатот со акционен план и од страна на тројцата судии е постапено и доставено. Извештајот е доставен на понатамошно одлучување на Советот.
Претседателот на Советот отвори дискусија по однос на доставениот Извештај. Откако контстаира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор го стави на гласање предложениот извештај. Воедно се констатира дека седницата времено ја напуштија членовите на Советот Ханиф Зендели и Лорета Горгиева.

Се констатира дека со 10 гласа ЗА усвоен е Извештајот на Комисијата за проверка на исполнетост на условите и  критериумите  за избор на претседател на Основен суд  Велес
Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 5-та точка од Дневниот ред.

## Точка 5

## Одлучување по барање за патни трошоци

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори 5-та точка од Дневниот ред и објасни дека од страна на судија Драгана Илиовска од Основен граѓански суд Скопје е доставено барање за надомест за патни трошоци бидејќи истата се времено упатена во ОС Кочани. Кон барањето има доставено потребна документација, копија од лична карта, копија од решение за времено упатување, одлука за избор, изјава заверена кај нотар дека судијата или член

на нејзиното потесно семејство нема во сопственост стан или куќа на подрачјето на судот во кој се упатува и потврда за цената на возниот билет на релации во двата правци.Исполнети се условите за донесување на решение за надомест на патни трошоци на судијата. Станува збор за новоизбран судија од академците.Отвори дискусија по однос на оваа точка и откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за дискусија го стави на гласање предлогот за уважување на барањето на судијата.

Констатира дека со 12 .гласа ЗА - ЕДНОГЛАСНО е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето на **Драгана Илиовска, судија на Основен граѓански суд Скопје** за надомест на трошоци СЕ УВАЖУВА .

На **Драгана Илиовска, судија на Основен граѓански суд Скопје** и се **СЕ УТВРДУВА**

- право на надомест на трошоци за превоз како судија којшто живее во една, а работи во друга општина, за периодот од 18.12.2023 година, па во иднина се додека судијата ја извршува судиската функција во Основен суд Кочани, во висина на вистинските трошоци за превоз со превозно средство од јавен сообраќај, кое овозможува навремено пристигнување и заминување од работа, на релација Скопје-Кочани и обратно.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 6-та точка од Дневниот ред.

## Точка 6

## Разгледување на извештај од работна посета на Основен суд Гевгелија

Претседателот на Советот наведе дека од страна на работната група изготвен е извештај од работна посета на ОС Гевгелија и му даде збор на известителот Тања Чачарова Илиевска.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** наведе дека со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.03-1445/1 од 13.07.2023 година, формирана е работната група при Судскиот совет во состав од м-р Тања Чачарова - Илиевска, координатор за следење на работата во Основниот суд Гевгелија и м-р Ивица Николовски, членови на Советот, за да изврши работна посета во Основниот суд Гевгелија. Во рамките на работната посета, Работната група е задолжена да изврши увид во работата на судиите во Судот, согласно член 20 став 3 од Судскиот деловник и тоа: почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките; констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот , каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот, констатирање и проверка на постапките по изземање во предметите, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа, увид во предмет од

јавен интерес поврзан со изречена времена мерка на имотот на правното лице ДЕНА заради спор со правен субјект од Австрија и др. Воедно наведе дека последната точка од Заклучокот е во врска со циркуларното писмо од Неговата Екселенција, Georg Wbutsas, Амбасадор на Република Австрија во Република Северна Македонија, примено во Судскиот совет и заведено под Бр. 03-1198/3 од 28.06.2023 година.Последната точка од Заклучокот е во врска со циркуларното писмо од Неговата Екселенција, Georg Wbutsas, Амбасадор на Република Австрија во Република Северна Македонија, примено во Судскиот совет и заведено под Бр. 03-1198/3 од 28.06.2023 година.Наведе дека постапувајќи согласно Заклучокот, Работната група изврши работна посета во Основниот суд Гевгелија на ден 17.07.2023 година и ја констатира следната состојба, истакна дека поради обемноста на извештајот ќе се потруди да биде пократка. Во продолжение додаде дека Основниот суд Гевгелија со Судско одделение во Валандово, како суд со проширена надлежност, согласно систематизацијата за потребни судиски места донесена согласно Одлука на Судскиот совет утврдени се 13 судиски места, вклучувајќи го и претседателот на Судот, но пополнетоста на судиски места е 8, вклучувајќи го и претседателот на Судот. Во однос на работни места по категории и нивоа предвидени се 129 лица, но пополнети се само 38 работни места од предвидените. Истакна дека и покрај ваквата пополнетост на судиски места и на работни места по категории и нивоа, во Судот се почитуваат законските рокови за преземање на процесните дејствија. Сите примени писмена во Судот веднаш се предаваат во одделението и на судиите. Предметите откако ќе се заведат, преку АКМИС програмот, на дневна основа се доделуваат во работа на судиите, истиот ден или најдоцна наредниот ден, освен итните предмети на кои им се запишува покрај датата на прием и часот наприем и истите се предаваат во работа на судија, веднаш. Работењето по предметите констатирале дека е ефикасно,  се превземаат дејствија за закажување и одлагање на расправите во пократки рокови од законски предвидените. Во таа смисла, често има ситуации кога по еден предмет се зажуваат рочишта по два или три пати во месецот. Во случај на одлагање на рочишта, новите термини се закажуваат со усогласување на странките и нивните полномошници, односно бранители, а со сел да не дојде до неоправдани одолговлекувања во постапките. При донесувањето, објавувањето и писменото изготвување на одлуките, појасни дека се води сметка за законските рокови определени со ЗКП, ЗП и ЗПП. Одлуките редовно се верификуваат. Во однос на старите нерешени предмети, заклучно со месец јуни 2023 година констатирале дека вкупниот број на стари нерешени предмети изнесува 23 предмети од кои дури 11 се оставински предмети. Главна причина за долгото траење на постапките е тоа што се чека да се комплетирани односно со обезбедување на докази за сродство за наследници со оставителот, каде наследниците се надвор од земјата тоа е проблем, како и докази во однос на имотот предмет на оставинската постапка. Три од овие предмети во продолжение на извештајот се вратени по приговор на одлучување во ОС Гевгелија. Истакна дека стари

нерешени ИОИП предмети има 5 предмети од кои 2 се во работа. Во останатите 3 предмети се донесени правосилни пресуди уште во 2020 година, меѓутоа не е завршена целосно постапката за извршување на одземените предмети, дел од нив сеуште не се предадени на Агенцијата за управување со одземен имот-Скопје. Додаде дека има еден вонпроцесен предмет кој се води како сложен, еднаш укинат со дадени напатствија од Апелационен суд Скопје од 27.01.2023 година. Постапувајќи по напатствија на второстепената одлука, донесено е решение за супервештачење. По однос на КУИКП предметите има два стари нерешени предмети, каде во едниот предмет обвинетиот - осудениот е во бегство односно, не е достапен на органите на прогонот, а потрагата продолжува, во другиот предмет. Кај работните спорови имало еден предмет се чека одлука од Апелационен суд Скопје, стечај два предмети во завршна фаза, РП-11/21 – поранешен РП-10/18. Во рамките на работната посета потенцира дека извршен е увид и во Уписникот СУ-ИЗЗ за 2023 година. Заведени се 9 предмети по барања за изземање на судија, поднесени од странките во постапката или од судијата кој постапува по предметот. Донесените решенија по барањата за изземање се со образложени причини. Во случај на донесено решение со кое се усвојува барањето за изземање на судија во предмети од граѓанската материја, се врши повторна автоматска распределба на предметот во АКМИС програмата заради определување на судија кој ќе постапува по истиот. Кај предметите од кривичната материја, доколку се усвојува барањето за изземање на судијата, со решението за усвојување на барањето се определува и судијата кој треба да постапува по предметот, а овластениот судски службеник за автоматска распределба на предметот се задолжува во АКМИС програмата да изврши распределба на предметот и веднаш да го предаде во работа на определениот судија. Ваквите решенија во предметите од кривичната материја се резултат на фактот што во Основен суд Гевгелија од вкупно осум судии, вклучувајќи го и Претседателот на Судот кој е и претседател на Кривичен совет, само двајца судии постапуваат по кривичните предмети во прв степен, еден судија постапува по предмети на претходна постапка, извршување на кривичните санкции и по прершоците, а останатите четворица судии се парничари. Во однос на случајот со предметот од јавен интерес поврзани со изречена времена мерка на имотот на правното лице ДЕНА ПРОДУКТ увоз-извоз Велес,истакна дека работната група при изготвување на изевштајот го имала во предвид чл.61 од Законот за судски совет, водејќи сметка извештајот да биде изготвен во период од 6 месеци, со цел да се запази рокот за поднесување барање за утврдување наа одговорност на судија.

Наведе дека во однос на овие предмети истакна дека се водени предмети со времени мерки и од граѓанската и од кривичната материја. Во кривичната материја предметите се оформени како **КС. Бр.4/23, во кој предмет е споен со КС.бр.5/23,** предметот почнува со иницијалниот акт – барањето на ОЈО за определување на привремена мерка. Барањето е

доставено во судот на 27.1.2023 година и се бара забрана за оттуѓување зи располагање со недвижен имет, насочено кон правното лице ДЕНА ПРОДУКТ опишан –специфициран во Имотните листови во барањето за определување на привремена мерка. Барањето е насочено спрема правното лице ДЕНА ПРОДУКТ, извршител А.Костатидоновски именуван за подрачјето за Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино, како и за ситте други извршители именувани за подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино. Основниот суд Гевгелија преку судијата на претходна постапка постапувајќи по Предлогот на ОЈО Гевгелија на ден 30.01.2023 година донел Решение К-ПП.бр.7/23 со кое Предлогот на ОЈО Гевгелија за определување на привремена мерка – забрана за отуѓување и располагање со недвижен имот, СЕ УВАЖУВА . Се определува привремена мерка забрана на отуѓување и располагање со недвижен имот на правното лице ДЕНА ПРОДУКТ ДООЕЛ Велес. Привремената мерка се определува кон . Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ДЕНА ПРОДУКТ увоз-извоз ДООЕЛ Велес, Извршител Ангел Костадиновски именуван за подрачјето за Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино, како и Извршителите именувани за подрачјето на Основните судови Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино. Привремената мерка се однесува на недвижниот имот. Во образложението на Решението се наведува дека во прилог кон Барањето на ОЈО Гевгелија се доставени докази од кои произлегува сомневањето дека осомничениот Атанас Костов иако знаел дека се води кривичната постапка пред ОЈО Гевгелија, арбитражната постапка пред Меѓународниот центар за арбитража случај во Виена, Австрија и постапката пред Основниот суд Гевгелија ВПП2-18/22, ги превземал наведените дејствија во наведениот период, опишани во Барањето на ОЈО Гевгелија, па наоѓа дека во конкретниот случај постои основано сомневање дека до крајот на кривичната постапка ќе било особено отежнато или оневозможено одземање на имотот кој бил потребно да се одземе според член 98 од КЗ, а кој потекнувал од предметните кривични дела и затоа било потребно да се обезбеди како би се спречило користењето, отуѓувањето или располагањето со имотот на ДЕНА ПРОДУКТ ДООЕЛ Велес, па во смисла на член 202 од ЗКП одлучил како во изреката на решението.

Против ова решение поднесени се жалби од страна на осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ увоз-извоз ДООЕЛ Велес преку, и ГЛОБАЛ ТРЕЈД (на кое исто така му е доставено решението, видно од доставната наредба) . По жалбата на ДЕНА ПРОДУКТ е оформен предметот КС, бр.4/23, а по жалбата на ГЛОБАЛ ТРЕЈД е оформен предметот КС.бр.5/23.

Дополнува дека предметот КС.бр.5/23 со сите списи е ставен во обвивката на списите по предметот КС.бр.4/23**.** Основниот суд Гевгелија во совет составен од Претседателот на судот, одлучувал по двете жалби изјавени против решението К-ПП бр.7/23 од 30.01.2023 година на Судијата на претходна

постапка при Основен суд Гевгелија, на нејавна седница на советот, одржана на ден 08.02.2023 година, го донел Решението КС.бр.4/23 со кое, жалбата поднесена од осомниченото правно лице Друштво ДЕНА ПРОДУКТ СЕ УВАЖУВА . Жалбата поднесена од осомниченотоправно лице Друштво за производство, трговија и услуги ГЛОБАЛ ТРЕЈД СЕ ОТФРЛА.Решението К-ПП.бр.7/23 од 30.01.2023 година на Судијата на претходна постапка на Основен суд Гевгелија, се преиначило и се одлучило дека Барањето на ОЈО Гевгелија за определување на привремена мерка – се одбива како неосновано. Наведе дека во образложението на решението на Кривичниот совет се наведени причините.Советот нашол дека Барањето за определување на привремена мерка не било во согласност со член 202 ст.2 од ЗКП во која е точно пропишано што треба да содржи барањето. Во конкретниот случај, Барањето не содржело податоци за временскиот период кога бил стекнат недвижниот имот, не содржело податоци за вредноста на целокупниот наведен имот, не содржело историјат на недвижностите, како и по кој основ е стекнат имотот и запишан на име на осомничените во катастарските книги. Исто така кон барањето не се приложени релевантни докази на кои се заснова основаното сомневање дека недвижниот имот потекнува од кривичните дела за кои против осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ се води кривичната постапка. Приложените докази – имотните листови сами за себе не се докази на кои може да се заснова сомневањето дека предметниот недвижен имот потекнува од кривично дело, смета советот. По однос на изјавената жалба од осомниченотоправно лице која е отфрлена Советот смета дека привремената мерка не е предложена да се определи и спрема ова правно лице, ниту пак во побиваното решение е определено дека привремената мерка се определува и спрема ова правно лице. Наведува дека по донесување на решението КС-4/23 од страна на ОЈо Гевгелија поднесено е барање за определување на привремена мерка од 09.2.2023 година и истата е насочена кон осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ и Правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ГЛОБАЛ ТРЕЈД , со тоа што се бара привремената мерка на правното лице ДЕНА ПРОДУКТ да му се забрани располагање, отуѓување или оптоварување на недвижен имот специфициран во наведените имотни листови, а на правното лице ГЛОБАЛ ТРЕЈД да му се забрани да го дава во подзакуп имотот од Имотен лист КО Богданци и другите имотни листови наведени во барањето. Истакна дека во Барањето се наведува дека без изрекување на таква мерка постои опасност осомничените правни лица да го осуетат или значително да го отежнат наплатувањето на побарувањето према оштетениот во оваа кривична постапка АММА од Австрија кое веќе билоутврдено со Пресуда на Меѓународниот центар за арбитража.

Постапувајќи по ова Барање на ОЈО Гевгелија, уредено Основниот суд во Гевгелија преку Судија на претходна постапка, донел Решение К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година со кое се предлогот за определување на привремена мерка спрема правното лице ДЕНА ПРОДУКТ и правното лице ГЛОБАЛ ТРЕЈД се определува привремената мерка за обезбедување на

имотно правно барање на правното лице АММА и се определува изречената привремена мерка да трае до завршување на постапката. Против решението К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година донесено од Основниот суд во Гевгелија преку Судија на претходна постапка, поднесена е жалба од осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ и оформен е предмет КС.бр.8/23. Поднесена е жалба и од другото осомничено правно лице ГЛОБАЛ ТРЕЈД С.бр.7/23. Предметот КС.бр.8/23 е споен кон предметот КС.бр.7/23. Кривичниот совет на Основниот суд Гевгелија постапувајќи по поднесените жалби против на ден 07.03.2023 година донел Решение КС.бр.7/23 со кое жалбата поднесена од осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ и од ГЛОБАЛ ТРЕЈД се уважува ат. Решението К-ПП.бр.18/23 од 10.02.2023 година на Судијата на претходна постапка при Основен суд Гевгелија, со кое се уважува Предлогот на ОЈО Гевгелија се укинува, а предметот К-ПП.бр.18/23 на Основен суд Гевгелија со сите списи се враќа на Судијата на претходна постапка пр и Основен суд Гевгелија на повторно постапување и одлучување. Во образложението на решението се наведува дека основани се жалбените наводи и дека се сторени суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка од чл.415 ст.1 точка 11 од ЗКП, обжаленото решение содржи такви недостатоци поради кои не може во целост да се испита во однос на неговата правилност и законитост, изреката на решението е недоволном јасна и разбирлива и не се содржани доволно причини за решавачките факти. По наоѓање на Советот,при донесување на побиваното решение, Судијата на претходната постапка со сигурност не ја утврдил висината на имотноправното побарување, која во решението е определена на износ од 3.886.473,9 евра со споредни побарувања-камати, односно не утврдил судијата на претходна постапкаод што произлегува наведениот износ за имотноправното побарување, за кое определил обезбедување со привремената мерка. Ова од причина што со Пресудата на Меѓународниот центар за арбитража оштетното побарување на оштетеното правно лице АММА од Австрија е определено на износ од 2.120.332,48 евра, како и осомниченото правно лице ДЕНА ПРОДУКТ е задолжено да плати на оштетеното правно лице АММА износ од 1.300.000,00 евра, кој се однесува на имотна корист со која се стекнало другото осомничено правно лице, ГЛОБАЛ ТРЕЈД од извршени најмалку 26 продажби на производите во период од 30.05.2020 до 07.08.2020 година, спротивно на клаузулата за ексклузивност содржана во Договорот за соработка за ексклузивен извоз од 13.04.2016 година, а износот од 45.928,08 евра се однесува за надомест за авансната уплата на арбитражните трошоци наМеѓународниот центар за арбитража Виена и износот од 420.223,34 евра се однесува за надомест на правните такси и други трошоци направени од тужителот - овде оштетеното правно лице. Судијата на претходната постапка во определената времена мерка кога го утврдил имотно правното побарување согласноПресудата нана Меѓународниот центар за арбитража случај бр.ARB5672 од 03.01.2023 година, не ја имал во предвид висината на имотноправното побарување што настанало поради извршување на

кривичното дело, како и не утврдил во кој стадиум е кривичната постапка за кривичното дело, за да може да се издаде привремена мерка за обезбедување на имотноправно побарување согласно, чл.118,ст.1 и ст.2 од ЗКП.

Според напатствијата на Кривичниот совет, при одлучување, Судијата на претходната постапка потребно е да ги отстрани констатираните недостатоци, со сигурност да испита во која фаза е постапката што се води против осомничените правни лица, да ја утврди висината на определената мерка за обезбедување на имотноправното побарување што настанало поради извршување на кривично дело, односно да утврди дали износот кој се однесува за надомест за авансната уплата на арбитражните трошоци на Меѓународниот центар за арбитража Виена и износот од  кој се однесува за надомест на правните такси и други трошоци направени од тужителот, овде оштетеното правно лице, може да бидат предмет на обезбедување, односно да се дадат образложени причини од каде произлегува висината на обезбеденото имотно правно побарување согласно доставените докази со предлогот за издавање на привремена мерка со која се обезбедува имотноправното побарување што настанало со извршување на кривичното дело. Исто така, Кривичниот совет смета дека е потребно да се прибави и изведе како доказ договорот за закуп од кој ќе може да се утврди какви права и обврски се предвидени за договорните странки за да може да се издаде предјавената привремена мерка спрема правното лице  ГЛОБАЛ ТРЕЈД.  К-ПП.бр.-26/23

Основниот суд Гевгелија – Судија на претходна постапка, одлучувајќи во повторената постапка по Барањето на ОЈО Гевгелија за определување на привремена мерка, КО.бр.304/21 од 09.02.2023 година, согласно укажувањата на Кривичниот совет на Основниот суд Гевгелија од Решението КС.бр.7/23 од 07.03.2023 година, со писмено Барање К-ПП.бр.26/23 од 16.03.2023 година до ОЈО Гевгелија, побарал да се дополни Барањето за определување на привремена мерка и да се дадат известувања и докази за следните околности:

Во списите на предметот се наоѓа писмена Ургенција од Основниот суд Гевгелија-Судија на претходна постапка од 13.04.2023 година, К-ПП.бр.26/23 од 13.04.2023 година, до ОЈО Гевгелија, да постапи по Барањето К-ПП бр.26/23 од 16.03.2023 година на Основен суд Гевгелија и ги достави бараните докази.

ОЈО Гевгелија со писмен поднесок до Основен суд Гевгелија – Судија на претходна постапка, КО.бр.304/21 од 10.05.2023 година**,** примен во Судот на ден 11.05.2023 година, го известува Судот дека го повлекува Барањето – Предлогот за определување на привремена мерка

Во предметите од граѓанска материја истакна дека бил извршен е увид во списите на предметот ВПП2 бр.13/21,бр.2/22,бр.18/22 итн станува збор за еден предмет со рњзлични броеви кои ги добивал по укинување. Предметот е оформан по Предлог за издавање-дозвола на привремена мерка заради

обезбедување на парично побарување, поднесен од предлагач – доверител правниот субјект АММА од  Австрија преку овластен полномошник со уредно полномошно по прием на Предлогот во Судот, на ден 03.09.21година, истиот е заведен под ВПП2 бр.18/21 и по електронски пат преку АКМИС програмот е распределен во работа кај судијата.

Прво рочиште по предметот е закажано за ден 20.09.2021година. Од увид во списите по предметот се констатира дека биле закажани повеќе рочишта по истиот и одлагани со причина и согласност од странките, односно доставувани се нови постојано поднесоци и докази, како и вештачења и тоа и од предлагачот-доверителот и од страна на противникот – должникот. Во таа смисла, ако се има во предвид итниот карактер на овие предлози,основано се поставува прашањето, дали странките во постапката со вакво однесување и доставување на нови поднесоци, докази и вештачења не се причина за одолговлекување на постапката вели членот на Советот.  Првата одлука по изјавениот предлог е донесена на ден 14.10.2021година - ВПП2 бр.18/21, со која се усвојува предлогот, се дозволува привремена мерка . Против Решението на Основен суд Гевгелија изјавена е жалба од должникот до Апелациониот суд-Скопје, кој суд донел одлука ТСЖ 2057/21 од 23.12.21година, со која жалбата на должникот се усвојува, решението на првостепениот суд,   се укинува   и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување со дадени конкретни напатствија. Во продолжение дополни дека првостепениот суд во повторно постапување и одлучување по Предлогот, донел одлука-Решение ВПП2 бр.2/22 од 07.03.22 година, со кое Предлогот се усвојува и се дозволува издавање на предјавената привремена мерка – со тоа што во диспозитивот на ова решение е определено истата да трае 15 дена од денот на донесување на Арбитражната одлука. Решението ВПП2 бр.2/22 од 07.03.2022 година е обжалено од должникот. Апелациониот суд Скопје ценејќи ја жалбата и наводите на одговорот на жалба од доверителот донел одлука-Решение со која жалбата се усвојува, обжаленото Решение на првостепениот суд,   се укинува   и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување. Првостепениот суд Гевгелија со повторно постапување по  предлогот носи трета одлука-Решение ВПП2 бр.13/22 од 14.06.2022 година,со која предлогот за издавање на привремена мерка го одбива како неоснован(предлогот сега е прецизиран- со променет диспозитив).Решението на Основниот суд Гевгелија ВПП2 бр.13/22 е обжалено, сега од доверителот. Апелациониот суд Скопје ценејќија жалбата на доверителот и наводите на одговорот на жалба од должникот донелодлука-Решение ТСЖ 1120/22 од 02.09.2022 година со кое,Жалбата се усвојува, Решението на првостепениот суд   се укинува   и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.Првостепениот суд Гевгелија при повторно постапување по предлогот носи четворта одлука-Решение ВПП2 бр.118/22 од 01.11.2022 година,со која предлогот за издавање на привремена мерка го усвојува.Следи повторно жалба од должникот по која Апелациониот

суд Скопје ценејќи ги наводите во жалбата и наводите на одговорот на жалба со одлука-Решение ТСЖ 61/23 од 09.02.2023 година,Жалбата се одбива како неоснована, обжаленото Решение, погоре наведено, потврдува.

Членот на Советот во продолжение ги истакна заклучните согледувања кои ги дале како Комисија. Имено, во предметите по предлозите за издавање на привремени мерки и од кривична материја не се најдени пропусти и незаконитости во постапувањето на Основниот суд Гевгелија, потоа во однос на предметите од граѓанската материја исто така по предлогот за издавање на привремена мерка, забележани се неколку состојби: долго траење на постапката,предлогот за определување на привремена мерка ВПП2 бр.13/21 е изјавен на 03.09.2021година, а постапката завршува со конечна одлука со која се усвојува предлогот на 09.02.2023година. Ова од аспект на начелото на итност во постапките по предлог за дозвола на времени мерки; начелото на итност во постапката создава обврска и за странките во постапката. Во конкретниот случај, дополнителното доставување поднесоци за  дополнување на доказната постапка, претставува придонес на странките во насока на одолговлекување на постапката и злоупотреба на нивите процесни права, нема пропусти и незаконитости во постапувањето на страна на судовите. Меѓутоа, се поставува прашањето за ефикасно и ажурно постапување на Апелациониот суд Скопје, кој во жалбена постапка по истиот предлог постапува повеќе пати. Ова е значајно од аспект на прашањето дали долгото траење на постапка од итен карактер остава простор за незадоволство на предлагачот – доверителот и покрај фактот што предлогот е усвоен, и дали тоа се одразува и на довербата на граѓаните во судството. Понатаму, извештајот да се достави до Основниот суд во Гевгелија и до Апелациониот суд Скопје, да се разгледа на седница на судии на тие судови, како и да се предложи на Врховниот суд да завземе став за воедначување на судската пракса при одлучување во втор степен од страна на Апелационите судови да ја имаат во предвид итноста на постапките по времени мерки (недозволиво е по еден предлог за времена мерка Апелациониот суд да одлучува четири пати).

Претседателот на Советот се обрати на **членот на Советот м-р Ивица Николовски** доколку цени нешто да дополни во контекст на Извештајот како дел од работната група .Истиот истакна дека по однос на вонпарничниот предмет и постапувањето на судовите, земено било предвид и одважувањето на австрискиот амбасадор , како истиот е третиран од страна на судовите. Се задржа на вонпарничниот предмет е последица од воспоставен облигационен однос со странски елемент, една од страните е странски субјект со седиште во Р. Австрија и се јавува во својство на предлагач на привремената мерка за овезбедување  на парничното побарување сметајќи дека воспоставениот облигационен однос со субјектот во РСМ (домашниот) има побарување. Договорот е склучен 2016 година со слободно изразена волја. Потенцира дека е договор за ексклузивност – посебен вид на трговски договор со јасно

определени права и обрвски на двете страни, доверителот преку авансни уплати ги финансира сите активности на должникот, тој пак се обврзува да го продава на договорната страна освен ако одбие да го купи. Предмет на договорот е испорака на стока-земјоделски прозиводи. Прифатена е забрана на должникот да ги нуди производите на трети лица без согласност на доверителот, при вака договорена трговска соработка доверителот исполнувајќи ја својата обврска како авансна поддршка на производството, должникот во повеќе наврати ивршил испорака. Предлогот бил поднесен поради ставот на доверителот – нашиот домашен субјект. Има извршено повеќе авансни уплати отколку што должникот извршил испорака. Двете страни имале право и можност да се повикаат на облигационите инструменти за обезбедување на побарувања. Дополнува дека можеле да применат и стварно правни документи. Од сето тоа констатирано работната група дала препораки кои смета дека се издржани да се укаже на Апелационите судови да бидат мериторни и поодлучни, а пак првостепените судови да се охрабрат по ваквите предлози да постапуваат. Во конкретниот случај има законита одлука, приложени докази, но поставува прашањето дали незадоволството од постапување на судовите е поврзано со било која од страните. Потенцира дека самите субјекти по своја волја направиле зделка и на свој начин го оставруваат бизнис интересот и законот им дал можност да странките ги преземат сите инструменти да остварување на интересите.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** потенцира дека во целост се согласува со заклучните согледувања како работна група, особено во делот да се предложи на Врховниот суд да завземе став за воедначување на судската пракса при одлучување во втор степен од страна на Апелационите судови

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** која наведе дека според неа извештајот е сеопфатен, дава одговор на многу прашања. А незадоволството на фирмата во Австрија е во повеќе сегменти, првично бидејќи ЈО го повлекува предлогот за привремени мерки. Потоа,во вториот дел истакна дека делумно се согласува со колегата. Да се стори веројатно побараувањето и дали ќе настане надоместок за штета. Потенцира дека е недозволиво апелационен суд 2 години да одлучува по привремена мерка. Би додала да изготви допоплнително за решенијата за смеќавањата на владенија, каде се знае дека со решение се одлучува а не со пресуда, а второстепените судови ги укинуваат. Потенцира дека правното лице оправдано реагира, незадоволството дека 2 години не се одлучува по привремена мерка, судии во апелационен суд кои се стручни , мора во рамки на доказите да закажат и расправа и да одлучат, инаку е бесмислена привремената мерка и се деградира нејзината улога и функција. Смета дека Советот треба да укаже на овие елементи.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** појасни дека предложените препораки даваат приоритет на прашањата кои таа ги наметнала**.**

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** кажа дека апелациониот суд 4 пати укинува решение, во текот на првостепената постапка голем дел придонес имаат и странките, предлагачот треба да е спремен и подготвен со докази и истиот не доаѓал спремен на рочишта.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** се повика на чл.269 ст.3 во насока да се закаже рочиште. Ако судиите донесат решение надвор од рочиште во многу случаи се укинува па се доведува во прашање смислата на привремененaта мерка.

За збор се јави **членот на Советот м-р Селим Адеми** истакна дека бидејќи 4 пати има укинување, се обрати до колегата Николовски, дали имало исти или различни причини за укинување на привремената мерка.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** појасни дека лично за него а и членовите на Комисијата сметаат дека е недозволниво постапувањето на второстепениот суд кој 4 пати постапува и одлучува. Во законот нема ограничување по однос на привремените мерки, за разлилка од редовните граѓански предмети каде по втор пат се одлучува мериторно – конечно. Од таа причина и даваат заклучок по однос на тоа да се вклучи и Врховниот суд и треба да се наметне како правно прашање.

**Членот на Советот Мери Радевска** истакна дека прашањето било друго дали основниот суд не ги испочитувал насоките на второстепениот суд три пати односно од кои причини било укинувано.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** повторно накратко го кажува процесот.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** потенцира дека при исти факти и докази, иста фактичка состојба, исто барање, иста предложена времена мерка носи одлука прв степен, која на крај каде по 4 пат одлучување е потврдена, без измени и слично.

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** укажа на фактот кога има ваква заинтересираност и од странски амбасадор да се потранспарентни, појасни во одговорите.

Претседателот на Советот по исцрпување на дискусијата го стави на гласање во продолжение предлог извештајот презентиран од работната група.

Се констатира дека со 12 гласа ЗА – едногласно е усвоен Извештајот од работна посета на Основен суд Гевгелија.

Се констатира дека дека претседателот на Советот даде пауза во 12.35 минути.

## Точка 7

## Разгледување на извештаи за работата на судовите во РСМ за третото тромесечие за 2023 година

Седницата повторно започна во 13.15 минути и истата ја отвори и со неа раководи претседателот на Советот Сашко Георгиев. Констатира дека се отсутни членовите на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска поради приватни обврски и м-р Ивица Николовски професионални обврски .

Согласно чл.36 ст.1 алеинја 14 од Законот за Судскиот совет на РСМ е предвидено дека Судскиот совет ги разгледува и оценува тримесечните извештаи за работата на судовите. Даде во продолжение збор на колешката-известител **Павлина Црвенковска.**

Членот на Советот **Павлина Црвенковска** истакна дека до Судскиот совет на РСМ од страна на судовите во РСМ доставени се извештаи за нивната работа за третиот квартал на 2023 година за месеците Јули,Август,Септември 2023 година. Извештаите на Апелациониот суд Скопје и судовите на неговото подрачје и Апелациониот суд Гостивар и судовите на неговото подрачје се проследени до Комисијата за следење на нивната работа. Комисијата ги спореди податоците од извештаите за работа на судовите со табеларните прегледи од АКМИС системот и констатира совпаѓање на податоците за остатокот на нерешени предмети од претходниот период, приливот на нови предмети, вкупниот фонд на предмети во работа, бројот на решени предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот од вториот квартал 2023 година. Според податоците во овој квартален период: ажурен е само ОС Велеса а неажурни се Врховен суд на РСМ, АС Скопје, Основен кривичен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје, ОС Гевгелија, ОС Кавадарци, ОС Кратово,ОС Крива Паланка, ОС Куманово, ОС Неготино, АС Гостивар,ОС Тетово, ОС Гостивар,ОС Дебар и ОС Кичево.

Во продолжение поединечно даде осврт на секој од судовите. Имено, Врховниот суд на Република Северна Македонија број на судии по систематизација 28, број на пополнети судиски места 16( 1 судија е во мирување, така во овој квартал постапувале 15 судии). Овој суд месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 772 предмети, примил во работа нови 1003 предмети, и имал вкупно во работа 1775 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 921, а останале нерешени 854 предмети. Според наведените податоци Врховниот суд на Република Северна Македонија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 82 предмети. Во

третиот квартал на 2023 година Врховниот суд на Република Северна Македонија се оценува како неажурен.

Апелациониот суд Гостивар - број на судии по систематизација 16, број на пополнети судиски места 13( 1 судија е во мирување, 1 судија отишол во пензија по завршетокот на кварталот, така да во овој квартал постапувале 13 судии), месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 1017 предмети, примил во работа нови 925 предмети, и имал вкупно во работа 1942 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 893, а останале нерешени 1049 предмети.Според наведените податоци Апелациониот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети, и го зголемил заостатокот за 32 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Апелациониот суд Гостивар се оценува како неажурен.

Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар во третиот квартал на 2023 година се оценуваат како неажурни во решавање на предметите.

Во продолжение Основен суд Гостивар - број на судии по систематизација 24, број на пополнети судиски места 18 ( 3 судии во третиот квартал се во мирување така во овој квартал постапувале 15 судии ) ,месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 7422 предмети, примил во работа нови 8009 предмети, и имал вкупно во работа 15431 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7354, а останале нерешени 8077 предмети. Погрешно заведени се 7 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Гостивар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 655 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Гостивар се оценува како неажурен.

Основен суд Дебар - број на судии по систематизација 5, број на пополнети судиски места 4(1 судија е во мирување така во овој квартал постапувале 3 судии),месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 455 предмети, примил во работа нови 3510 предмети, и имал вкупно во работа 3965 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3470, а останале нерешени 495 предмети. Погрешно заведени 3 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Дебар не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 40 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Дебар се оценува како неажурен.

Основен суд Кичево , број на судии по систематизација 13, број на пополнети судиски места 4 ( 1 судија бил делегиран во ОС Кичево, така во овој квартал постапувале 5 судии ),месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 3403 предмети, примил во работа нови 5192 предмети, и имал вкупно во работа 8595 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4550, а останале нерешени 4045 предмети.Погрешно нема заведени предмет.Според наведените податоци Основниот суд Кичево не го совладал приливот на

предмети и го зголемил заостатокот за 642 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Кичево се оценува како .

Основен суд Тетово број на судии по систематизација 26, број на пополнети судиски места 15( 1 судија е во мирување,1 судија бил делегиран во судот,2 судии се новоизбрани, така во овој квартал постапувале 13 судии),Основниот суд Тетово месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 7929 предмети, примил во работа нови 15174 предмети, и имал вкупно во работа 23103 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 13040, а останале нерешени 10063 предмети. Погрешно заведен е 1 предмет.Според наведените податоци Основниот суд Тетово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 2134 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Тетово се оценува како неажурен.

Апелациониот суд Скопје - број на судии по систематизација 52, број на пополнети судиски места 30 ( 2 судии се во мирување така во овој квартал постапувале 28 судии ) ,Апелациониот суд Скопје месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 7641 предмети, примил во работа нови 3150 предмети, и имал вкупно во работа 10791 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2556, а останале нерешени 8235 предмети. Погрешно заведени нема. Според наведените податоци Апелациониот суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 594 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Апелациониот суд Скопје се оценува како неажурен.

Судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје и тоа: Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци, Основен суд Кратово, Основен суд Крива Паланка, Основен суд Куманово, Основен суд Неготино, Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје доставија тримесечни извештаи за работа, притоа осум суда од ова апелационо подрачје во третиот квартал на 2023 година се оценува како неажурни во решавање на предметите, додека само ОС Велес се оценува како ажурен.

Основен суд Велес -број на судии по систематизација 18, број на пополнети судиски места 15 .Основниот суд Велес месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 2852 предмети, примил во работа нови 5339 предмети, и имал вкупно во работа 8191 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5344, а останале нерешени 2847 предмети. Во овој квартал 5 предмети се погрешно заведени.Според наведените податоци Основниот суд Велес го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 5 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Велес се оценува како ажурен.

Основен суд Гевгелија број на судии по систематизација 13, број на пополнети судиски места 8, Основниот суд Гевгелија месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 1008 предмети, примил во работа нови 2790 предмети, и имал вкупно во работа 3798 предмети. Од овој фонд на предмети

решени се 2397, а останале нерешени 1401 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Гевгелија не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 393 предмети. Така што за третиот квартал се оценува како неажурен.

Основен суд Кавадарци - број на судии по систематизација 10, број на пополнети судиски места 6 , месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 844 предмети, примил во работа нови 3015 предмети, и имал вкупно во работа 3859 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2847 а останале нерешени 1012 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Кавадарци не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 168 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Кавадарци се оценува како неажурен.

Основен суд Кратово - број на судии по систематизација 3, број на пополнети судиски места 1 ( 1 претседател од друг суд,така во овој квартал постапувале 2 судии).Основниот суд Кратово месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 275 предмети, примил во работа нови 631 предмети, и имал вкупно во работа 906 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 620, а останале нерешени 286 предмети.Според наведените податоци Основниот суд Кратово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 11 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Кратово се оценува како неажурен.

Основен суд Крива Паланка - број на судии по систематизација 6, број на пополнети судиски места 5 ( 1 судија е во мирување така во овој квартал постапувале 4 судии ) Основниот суд Крива Паланка месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 1323 предмети, примил во работа нови 1445 предмети, и имал вкупно во работа 2768 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1164, а останале нерешени 1604 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Крива Паланка не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 281 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Крива Паланка се оценува како неажурен.

Основен суд Куманово достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци за работењето пришто број на судии по систематизација 34, број на пополнети судиски места 20 ( 2 судии се во мирување,1 судија е делегиран во судот на 06.09.2023 година, така да во овој квартал судиската функција ја обавувале 18 судии). Основниот суд Куманово месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 5219 предмети, примил во работа нови 8555 предмети, и имал вкупно во работа 13774 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7449 а останале нерешени 6325 предмети. Во овој квартал 1 предмети е погрешно заведен. Според наведените податоци Основниот суд Куманово не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1106 предмети.

Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Куманово се оценува како неажурен.

Основен суд Неготино - број на судии по систематизација 5, број на пополнети судиски места 3 , Основниот суд Неготино месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 1347 предмети, примил во работа нови 1661 предмети, и имал вкупно во работа 3008 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1579, а останале нерешени 1429 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Неготино не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 82 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Неготино се оценува како неажурен.

Основен кривичен суд Скопје - број на судии по систематизација 70, број на пополнети судиски места 54 (1 судија отишол во пензија по завршетокот на кварталот, избрани се 10 судии по завршетокот на кварталот, така во овој квартал постапувале 45 судии) . Основен кривичен суд Скопје месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 26524 предмети, примил во работа нови 28707 предмети, и имал вкупно во работа 55231 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 24355 а останале нерешени 30876 предмети. Во овој квартал 3 предмети се погрешно заведени.Според наведените податоци Основен кривичен суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 4352 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основен кривичен суд Скопје се оценува како неажурен.

Основен граѓански суд Скопје - број на судии по систематизација 77, број на пополнети судиски места 63 (1 судија е делегиран во судот,2 судии се во мирување,11 судии се избрани по завршетокот на кварталот, така во овој квартал постапувале 51 судии) ,месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 18518 предмети, примил во работа нови 10049 предмети, и имал вкупно во работа 28567 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 8875 а останале нерешени 19692 предмети. Во овој квартал 5 предмети се погрешно заведени. Според наведените податоци Основен граѓански суд Скопје не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1174 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основен граѓански суд Скопје се оценува како неажурен.

На ниво на Република Северна Македонија судовите месец Јули 2023 година го започнале со нерешени 135553 предмети, примиле во работа нови 144305 предмети, имале вкупно во работа 279858 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 127247 а останале нерешени 152611 предмети. Во третиот квартал на 2023 година на ниво РСМ судовите не успеале да го совладат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот за 17058 предмети. Во третиот квартал на 2023 година на ниво на РСМ работата на судовите се оценуваат како неажурни. Потенцира дека исто како и за

претходниот квартал и сега недостасуваат податоци за Основен суд Берово од истата причина, поради тоа што нема информатичар во судот.

Претседателот на Советот отвори дискусија.

За збор се јави **членот на Советот м-р Антоанета Димовска** смета дека се работи за период на годишни одмори и истото влијае на извештајот, смета дека сите по однос на решени предмети се движат помеѓу 80-90, додека Велес повеќе од 100 посто, а ОС Ресен помалку од 40 проценти.

За збор се јави **членот на Советот Лорета Горгиева** која по однос на ОС Ресен истакна дека има само двајца судии во овој суд и бараат враќање на делегираниот судија, само двајца судии не можат да го совладат приливот на предмети.

За збор се јави **членот на Советот Весна Дамева** и истакна дека од досегашните анализи забележала дека во овој кварлат помалку се завршуваат предметите, бидејќи е опфатен период на судска ферија. За јавноста податокот дека повеќето судови се неажурни остава поинаква слика, иако пополнетоста со судиски места е мала. Се даваат надчовечки напори и во овој квартал има 144 305 примени предмети, а решени се 127 247 што укажува дека и покрај неекипираноста, летен период судиите заедно со судските службеници да дадат резултати

**Известителот – член на Советот Мери Радевска** истакна дека до Судскиот совет на РСМ од страна на судовите во РСМ доставени се извештаи за нивната работа за третиот квартал на 2023 година за месеците Јули,Август,Септември 2023 година. Извештаите на Вишиот управен суд,Управен суд, Апелациониот суд Битола и судовите на неговото подрачје и Апелациониот суд Штип и судовите на неговото подрачје се проследени до Комисијата за следење на нивната работа.Комисијата ги споредила податоците од извештаите за работа на судовите со табеларните прегледи од АКМИС системот и констатира совпаѓање на податоците за остатокот на нерешени предмети од претходниот период, приливот на нови предмети, вкупниот фонд на предмети во работа, бројот на решени предмети и остатокот на нерешени предмети на крајот од вториот квартал. Наведе дека според податоците во овој квартален период по однос на ажурноста состојбата е следна: Апелационото подрачја Штип – ажурен е ОС Делчево, додека неажурни се ОС Кочани,ОС Радовиш,ОС Свети Николе, ОС Виница,ОС Струмица и ОС Штип . Податоци за ОС Берово нема, Вишиот управен суд е неажурен, исто така и Управен суд е неажурен. По однос на Апелационо подрачје Битола сите судови од ова апелационо подрачје во третиот квартал на 2023 година се оценуваат како неажурни во решавање на предметите.

Вишиот управен суд - број на судии по систематизација 13, број на пополнети судиски места7(по завршетокот на овој квартал еден судија отишол

во пензија така во третиот квартал постапувале 8 судии, плус претседател има од друг суд ),месец Јули 2023година го започнал со нерешени 1067 предмети, примил во работа нови 845 предмети, и имал вкупно во работа 1912 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 581 а останале нерешени 1331 предмети. Погрешно заведени во овој квартал нема.Во доставениот извештај од судот прикажани се 2 предмети повеќе во новопримени предмети,1 предмет повеќе во вкупно во работа и 1 предмет повеќе во решени предмети. Според наведените податоци Вишиот управен суд не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 264 предмети и во третиот квартал на 2023 година Вишиот управен суд се оценува како неажурен.

Управниот суд - број на судии по систематизација 33, број на пополнети судиски места 28 ( на еден судија му мирувало работното место до крајот на третиот квартал, така што во третиот квартал постапувале 27 судии ), Управниот суд месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 4967 предмети, примил во работа нови 1450 предмети, и имал вкупно во работа 6417 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1425 а останале нерешени 4992 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 4 предмети. Според наведените податоци Управниот суд не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 25 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Управниот суд се оценува како неажурен.

Апелациониот суд Битола број на судии по систематизација 25, број на пополнети судиски места 12 (1 судија е во мирување така да во третиот квартал постапувале 11 судии ),месец Јули 2023 година го започнал со нерешени 873 предмети, примил во работа нови 1115 предмети, и имал вкупно во работа 1988 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 839 а останале нерешени 1149 предмети. Според наведените податоци Апелациониот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 276 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Апелациониот суд Битола се оценува како неажурен.

Сите судови од ова Апелационо подрачје Битола во третиот квартал на 2023 година се оценуваат како НЕАЖУРНИ во решавање на предметите.

Имено, Основен суд Битола број на судии по систематизација 25, број на пополнети судиски места 17 ( 3 судии се во мирување(1 новоизбран), 4 судии се избрани по завршетокот на кварталот,1 судија отишол во пензија по завршетокот на кварталот, така во овој квартал постапувале 11 судии ),месец Јули 2023година го започнал со нерешени 7097 предмети, примил во работа нови 8711 предмети, и имал вкупно во работа 15808 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 7443, а останале нерешени 8365 предмети. Во овој квартал погрешно заведени се 1 предмет. Според наведените податоци Основниот суд Битола не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 1268 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Битола се оценува како неажурен.

Основен суд Крушево број на судии по систематизација 3, број на пополнети судиски места 0 ( 1 судија е делегиран во судот, па така постапувале 1 судија )

Основниот суд Крушево месец Јули 2023година го започнал со нерешени 560 предмети, примил во работа нови 493 предмети, и имал вкупно во работа 1053 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 490, а останале нерешени 563 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Крушево не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за

3 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Крушево се оценува како неажурен. .

Основен суд Охрид број на судии по систематизација 18, број на пополнети судиски места 10 (1 судија е во мирување, така да во овој квартал постапувале 10 судии заедно со претседател од друг суд ).Основниот суд Охрид месец Јули 2023година го започнал со нерешени 5485 предмети, примил во работа нови 3629 предмети, и имал вкупно во работа 9114 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3085, а останале нерешени 6029 предмети.Во овој квартал погрешно заведени нема. Според наведените податоци Основниот суд Охрид не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 544 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Охрид се оценува како неажурен. .

Основен суд Прилеп број на судии по систематизација 18, број на пополнети судиски места 4 ,месец Јули 2023година го започнал со нерешени 6653 предмети, примил во работа нови 3416 предмети, и имал вкупно во работа 10069 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2969, а останале нерешени 7100 предмети. Во овој квартал погрешно заведен 1 предмет. Според наведените податоци Основниот суд Прилеп не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 447 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Прилеп се оценува како неажурен.

Основен суд Ресен број на судии по систематизација 4, број на пополнети судиски места 3( 1 судија е во мирување така во овој квартал постапувале 2 судии ).Основниот суд Ресен месец Јули 2023година го започнал со нерешени 766 предмети, примил во работа нови 1374 предмети, и имал вкупно во работа 2140 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 559 а останале нерешени 1581 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Ресен не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 815 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Ресен се оценува како неажурен.

Основен суд Струга број на судии по систематизација 15, број на пополнети судиски места 4 ( 3 судија се делегиран во судот, па така постапувале 7 судии ),месец Јули 2023година го започнал со нерешени 5573 предмети, примил во работа нови 4599 предмети, и имал вкупно во работа 10172 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 3927 а останале нерешени 6245 предмети. Во овој квартал има 3 погрешно заведени предмети. Според наведените податоци Основниот суд Струга не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 672 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Струга се оценува како неажурен.

Апелациониот суд Штип број на судии по систематизација 16, број на пополнети судиски места 6 ( 1 судија по завршување на кварталот отишол во пензија, 1 судија отишол во пензија на почетокот на кварталот,така да во овој квартал постапувале 7 судии ) ,месец Јули 2023година го започнал со нерешени 1028 предмети, примил во работа нови 993 предмети, и имал вкупно во работа 2021 предмети.Од овој фонд на предмети решени се 846, а останале нерешени 1175 предмети. Според наведените податоци Апелациониот суд Штип не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 147 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Апелациониот суд Штип се оценува како неажурен.

Од судовите од апелационото подрачје Штип во третиот квартал на 2023 година, како АЖУРНИ се оценуваат само ОС Делчево. Податоци за Основен суд Берово нема.
Основен суд Виница број на судии по систематизација 3, број на пополнети судиски места 1 (има претседател од друг суд така во овој квартал постапувале 2 судии ) ,Основниот суд Виница месец Јули 2023година го започнал со нерешени 461 предмети, примил во работа нови 993 предмети, и имал вкупно во работа 1454 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 979 а останале нерешени 475 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Виница не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 14 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Виница се оценува како неажурен.
Основен суд Делчево број на судии по систематизација 4, број на пополнети судиски места 1 ,Основниот суд Делчево месец Јули 2023година го започнал со нерешени 1873 предмети, примил во работа нови 1455 предмети, и имал вкупно во работа 3328 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1530, а останале нерешени 1798 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведен предмет. Според наведените податоци Основниот суд Делчево го совладал приливот на предмети и го намалил заостатокот за 75 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Делчево се оценува како ажурен.
Основен суд Кочани број на судии по систематизација 10, број на пополнети судиски места 7 ( во овој квартал 2 судии се во мирување, па во овој квартал постапувале 5 судии ).месец Јули 2023година го започнал со нерешени 2996 предмети, примил во работа нови 3005 предмети, и имал вкупно во работа 6001 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 2807, а останале нерешени 3194 предмети. Во овој квартал 1 предмет е погрешно заведен. Според наведените податоци Основниот суд Кочани не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 198 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Кочани се оценува како неажурен.
Основен суд Радовиш број на судии по систематизација 6, број на пополнети судиски места 2 ,месец Јули 2023година го започнал со нерешени 1543 предмети, примил во работа нови 1840 предмети, и имал вкупно во работа 3383 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1583, а останале нерешени 1800 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени предмети. Според наведените податоци Основниот суд Радовиш не го совладал приливот на предмети иго зголемил заостатокот за 257 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Радовиш се оценува како неажурен.
Основен суд Свети Николе број на судии по систематизација 4, број на пополнети судиски места 2 ,месец Јули 2023година го започнал со нерешени 1164 предмети, примил во работа нови 1123 предмети, и имал вкупно во работа 2287 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 1117 а останале нерешени 1170 предмети. Според наведените податоци Основниот суд Свети Николе не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 6 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Свети Николе се оценува како неажурен.
Основен суд Струмица број на судии по систематизација 20, број на пополнети судиски места 12 (1 судија е избран за член во Судскиот совет, 3 судии се новоизбрани академци, така што во овој квартал судиската функција ја обавувале 8 судии ).Основниот суд Струмица месец Јули 2023година го

започнал со нерешени 3300 предмети, примил во работа нови 5234 предмети, и имал вкупно во работа 8534 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 5047, а останале нерешени 3487 предмети. Во овој квартал нема погрешно заведени.
Според наведените податоци Основниот суд Струмица не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 187 предмети. Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Струмица се оценува како неажурен.
Основен суд Штип достави тримесечен извештај за работа кој содржи податоци заработењето на судот, па така број на судии по систематизација 19
број на пополнети судиски места 13 ( 1 судија е избран во Судски совет ,така да во овој квартал судиската функција ја обавувале 12 судии ).Основниот суд Штип месец Јули 2023година го започнал со нерешени 3598 предмети, примил во работа нови 4875 предмети, и имал вкупно во работа 8473 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 4606 а останале нерешени 3867 предмети. Во овој квартал 1 предмет е погрешно заведен. Според наведените податоци Основниот суд Штип не го совладал приливот на предмети и го зголемил заостатокот за 269 предмети.Во третиот квартал на 2023 година Основниот суд Штип се оценува како неажурен.
На ниво на Република Северна Македонија судовите месец Јули 2023 година го започнале со нерешени 135553 предмети, примиле во работа нови 144305 предмети, имале вкупно во работа 279858 предмети. Од овој фонд на предмети решени се 127247 а останале нерешени 152611 предмети. Во третиот квартал на 2023 година на ниво РСМ судовите не успеале да го совладат приливот на предметии го зголемилезаостатокотза 17058 предмети.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** по излагањето на членот на Советот Мери Радевска, отвори диксусија, откако констатира дека никој од присутните членови со право на глас не се јави за збор ги стави на гласање Извештаите за работата на судовите во РСМ за третото тромесечие за 2023 година.

Се констатира дека со 10 гласа ЗА и ниту еден против извештаите – ЕДНОГЛАСНО се усвоени и е донесена следната

**О Д Л У К А**

**СЕ УСВОЈУВААТ Извештаите за работа на судовите во Република Северна Македонија за за третиот квартал на 2023 година**

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 7-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 8-та точка од Дневниот ред.

## Точка 8

## Донесување на одлука за престанок на функцијата судија поротник

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев истакна дека од** страна на Основниот граѓански суд Скопје е доставен предлог за престанок на

функцијата судија поротник, за што даде збор на членот на Советот Антоанета Димовска, со оглед на тоа што известителот-Ивица Николовски во моментот поради работни обврски ја напушти седницата наместо него да презентира

**Членот на Советот м-рАнтоанета Димовска** истакна дека со допис бр.03-1322/23 од 06.12.2023 година се известува Советот дека поради наврשување на 60 години старост му престанува функцијата судија поротник на 11.12.2023 година на Љупчо Савески судија поротник на Основен граѓански суд Скопје, а согласно Законот за судовите чл.80 ст.1 алинеја 5.

Претседателот на Советот отвари дискусија, откако констатира дека никој не се јави за збор констатира дека е донесена следната

**ОДЛУКА**

**На Љупчо Савески, судија поротник на** Основен граѓански суд Скопје му престанува функцијата судија поротник, поради навршени 60 години старост.

Претседателот на Советот истакна дека е исцрпена 8-та точка од Дневниот ред и се пристапи кон разгледување на 9-та точка од Дневниот ред.

## Точка 9

## Разно

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** наведе дека од страна на Основниот кривичен суд Скопје е доставено барање, во Советот примено на 18.12.2023 година во врска со Проектот за дигитализација на судството и интероперабилност, а заради барање дозвола од Судскиот совет да му се овозможи на Основниот кривичен суд Скопје да дозволи на ИКТ Советот користење на базата на податоци на кривичната евиденција, кои податоци се генерираат во АКМИС системот. Претходно вакво барање истакна дека било доставено од судот и истото било разгледано на седница од 06.12.2023 година и е дадена поддршка од Судскиот совет во врска со овој проект, при што беше нагласено дека притоа треба да се почитуваат законските одредби. Додаде дека непосредно пред седницата го контактирал претседателот на судот и смета дека би било добро да се одложи од причина што има најави дека ќе се формира ИКТ совет и можеби тоа ќе го реши новиот совет во наредната година. Во овој случај се повлекува ова како дискусија.

Под точка Разно од страна на Комисијата за редовно оценување на работата на претседателите на сите судови во Република Северна Македонија доставен е Извештај за исправка на Извештајот од спроведено редовно оценување на работата на претседателите на сите судови во Република Северна Македонија со предлог оценки. Даде збор на колегата – известител м-р Миљазим Мустафа.

**Членот на Советот Миљазим Мустафа** истакна дека по однос на редовното оценување предложи Извештај за исправка на извештај од спроведено редовно оценување за работата на претседателите на сите судови во РСМ. По однос на некои претседатели кои биле оценети и како претседател и како судија и има техничка грешка. Станува збор за претседател на Управен суд Бурим Сејдини, претседателот на Апелационен суд Петре Србиновски, претседателот на Основен суд Кратово Ружица Здравковска.

Во продолжение За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** која истакна дека 457- та седница на Советот на 09.10.2023 година биле усвоени оценките од редовното оценување кое е спроведено оваа година, но наведе дека при изготвувањето на одлуките се констатира дека постои разлика во она што го генерира системот при самото изготвување кое оди преку ЕДУСОФТ со она што е генерирано од системот на Судскиот совет , односно станува збор за крајните утврдени оцени кои во периодот на оценувањето од 2019-2022 година постапувале и како претседатели на суд и тоа кај следните судии:

1. **Управен суд, Бурим Сејдини** во 2020 година не решавал предмети како судија и бројот 80 се брише, а вкупната оценка за 2020 година од 200 се менува во 195, крајната оцена “200“ се заменува со 198,75.
2. **Апелационен суд Битола, Петре Србиновски**, во 2021 година и 2022 година не решавал предмети како судија и броевите “80“ за овие две години се бришат, вкупната оценка по години за 2021 година наместо “200“ се заменува со “180“, а за 2022 година бројот “200“ се заменува со “190“, а крајната оцена бројот “195,25“ се заменува со бројот “187,75“.
3. **Основен суд Кратово, Ружица Здравковска,** погрешно се внесени бодовите во делот на управување со судски предмети за 2021 година каде бројот “25“ се заменува со бројот “29“. Во пресметани бодови за 2022 година за квантитет бројот “40“ се заменува со бројот “45“. Бројот на бодови за 2021 година и 2022 година како и крајната оценка се менуваат. Во 2021 година бројот “165“ се заменува со бројот “169“, за 2022 година бројот “180“ се заменува со бројот “185“.
4. **Основен суд Гевгелија со одделение во Валандово, судија Марица Аврамчева Зафирова** , за 2022 година оценката како претседател, бројот “180“ се менува со бројот “190“.
5. **Основен суд Тетово, Хасан Асани** за 2021 година оценката како претседател, бројот “180“ се менува со бројот “190“.
6. **Основен суд Радовиш, Лила Цветановска** за 2022 година оценката како претседател, бројот “180“ се менува со бројот “160“.

Извештајот се доставува со цел оценките кои беа усвоени од страна на Судскиот совет на РСМ да се корегираат.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** отвори дискусија по однос на исправките на оценките.

За збор се јави **членот на Советот Мери Радевска** додаде дека крајните оцени се тие, но кога се споредува со она системот и она што е усвоено како оцена има разлика, има проблем во составување на решенијата.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање Извештај за исправка на Извештајот од спроведено редовно оценување на работата на претседателите на сите судови во Република Северна Македонија со предлог оценки.

Се констатира дека седницата времено ја напуштија членовите Мирсад Суроји и м-р Миљазим Мустафа.

**Претседателот на Советот** констатира дека со 8 гласа ЗА е усвоен Извештајот за исправка на Извештајот од спроведено редовно оценување на работата на претседателите на судовите во Република Северна Македонија.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** наведе дека во врска со Комисијата за повторно оценување на работата на судовитев и даде збор на членот на Советот Павлина Црвенковска, која предложи на местото на третиот член – односно на местото на претседателот на Советот да биде членот на Советот м-р Антоанета Димовска, бидејќи согласно закон претседателот не учествува.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** се согласи со истото бидејќи не учествува во друга комисија, односно единствено таа не учествувала во првостепените комисии.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми** наведе дека согласно чл.96 од Законот за Судски совет одлуката за оценување е предвидено дека судијата, односно претседателот на судот имаат право на образложен приговор на оцената што ја добиле во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката од ставот (1) на овој член. Во ставот 4 е предвидено дека Советот во рок од седум дена од прием на приговорот расправа по приговорот и донесува одлука за одбивање или прифаќање на приговорот или одлука за повторно оценување. Наведе дека во член 97 е предвидено дека Повторното оценување на работата на судијата и претседателот на судот се врши врз основа на извештај на Комисија составена од три члена на Советот, во која не може да членуваат лицата кои членувале во Комисијата која ја предложила оцената на судијата при првото оценување. Врз основа на извештај на комисија, оваа трочлена комисија наведе според него дека треба да изготви извештај што ќе го достави до Советот. заСоветот да донесе одлука за повторно оценување.

Се разви кратка дискусија и се споделија размислувања во врска со толкување на членот од законот во врска со приговори за оценување.

Членовите м-р Антоанета Димовска, Весна Дамева иМери Радевска се согласија со претходно изнесеното.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** наведе дека прв пат ќе постапува во ваква Комисија по новиот закон. Дилемата произлегувала од чл.96 ст.4 и ст.4 од законот.

**Членот на Советот Лорета Горгиева** по однос на дилемата истакна дека имало иста ситуација кога Комисија за повторно оценување во текот на вонредното оценување, кога имало приговори, па работеле согласно закон и пообемна била работата.

**Членот на Советот Павлина Црвенковска** предложи како постапувала комисијата при вонредното оценување така да се продолжи да се постапува и сега.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска** истакна дека интенцијата на законот е Советот да донесе одлука, па смета Комисијата да даде предлог, а секако секој од членовите ќе ги има материјалите и ќе ги разгледа, па потоа ќе се разговара дали ќе се согласи со комисијата или не.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** истакна дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред и со оглед на тоа што никој повеќе не се јави за дискусија констатира дека седницата заврши во 14.30 часот.

Тонскиот запис  и листингот со резултати од гласањето се составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ**

**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

**Сашко Георгиев**

Изработил: м-р Сања Спиридонова

Одобрил: Весна Толева